Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar<br>Примено<br>Received | 02.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org.<br>Орг.Един.<br>Org.unit | Numer<br>Број<br>No | Shtojcë<br>Прилог<br>Attachment | Vlera<br>Вредност<br>Value |
| 03 | 29/2 | | |

1409-44/3
22.03.19

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 23 седница одржана на 14.03.2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма „Компјутерско инженерство" прв циклус студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоистична Европа Тетово**

1. Се акредитира студиската програма **„Компјутерско инженерство" прв циклус студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоистична Европа Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран инженер по компјутерски науки насока:компјутерско инженерство**
Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки. Техничко - технолошки науки
, Научно – истражувачко поле: 110, 212
Научно – истражувачко област: 11000, 11002, 11003, 11005, 11007-11011, 21200 - 21008.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.



[1] 03-29/2 [2019]

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Факултет за современи науки и технологии во Тетово, за усвојување на прв циклус студиските програми „Компјутерско инженерство“, на 28.01.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 22 седница, одржана на 21.02.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 23 седница одржана на 14.03.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски